**20221011338**

## ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

## ДРУШТВО ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Врз основа на член 96 став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), и член 17 ставови (1) алинеја 11 и (2) од Изјавата на друштво со ограничена одговорност на едно лице на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија бр. 01-5419/1 од 19.12.2019 година, по претходно добиено одобрување од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија со Одлука бр. 12-265/8 од 15.4.2022 година, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија, на седницата одржана на 16.3.2022 година со Одлука бр. 02-1079/2/1 донесе

## МРЕЖНИ ПРАВИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА МРЕЖНИТЕ ПРАВИЛА ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 191/19) во членот 95 во ставот (3), по точката 9) се додава нова точка 10) која гласи:

„10) Анализа на потенцијални технички решенија за приклучување кои ОДС ги изготвува на барање на заинтересирани лица кои немаат доставено БСП образец согласно овие Мрежни правила“.

Точката 10) станува точка 11).

Ставот (7) се брише.

Член 2

Овие мрежни правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-1617/1<br>21 април 2022 година<br>Скопје

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА<br>Управител,<br>Дипл.инж.Јохен Хагеман, с.р.<br>Управител,<br>Дипл.ел.инж. МБА,<br>м-р **Сашо Салтировски**, с.р.